Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Љубе Спасовски од с. Вратница, Јегуновце УП2 09-283/23 од 31 октомври 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-1972/2 од 29 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-1972/2 од 29 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Љубе Спасовски од с. Вратница, Јегуновце до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-283/23 од 31 октомври 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-1972/2 од 29 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ЕД).

Според Електродистрибуција – Барањето е одбиено бидејќи прекинот е настанат поради виша сила.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 3 ноември 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-283/23 од 10 октомври 2023 година со прилог:

- Барање за обештетување поради прекин на леектрична енергија од 25 јули 2023 година
- Приговараното Известување за одбивање на барање за надомест на штета бр. 03-1972/2 од 29 септември 2023 година

2. Одговор на Приговор од ЕВН од 31 октомври 2023 година со прилог:

- Записник за увид на комисија по барање за оштета по основ на одговорност

- Барање за обештетување
- Работни налози

и на седницата беше заклучено Приговорот да се разгледува на наредната седница со физичко присуство на двете страни.

На седница одржана на 10 ноември 2023 година жалителот потенцираше дека се работи за надомест на штета на прегорен фрижидер од 530 литри капацитет.

Претставниците на Електродистрибуција укажаа дека се работи за виша сила бидејќи имало оштетување на проводници поради силен ветер, по што се заменети неколку струјни клеми.

На седницата беше заклучено Електродистрибуција да достави прецизна информација за времетраењето на настанатите прекини, при што на 30 ноември 2023 година беше доставен одговор во кој е наведено дека На 05.09.2023 година во 10:08 минути е пријавен дефект во апликативниот софтвер за евиденција на прекините и истиот е отстранет на 06.09.2023 година во 11:40 минути. По пријавата е работено на преплетени жици.

На седница одржана на 7 декември 2023 година Приговорот повторно беше разгледуван при што беше заклучено жалителот да достави доказ за настанатата штета, во паричен износ, по што на 12 декември 2023 година од страна на жалителот беше доставено Прецизирање со прилог Извештај од проценка од дипломиран машински инженер Ивица Минов.

На 26 декември 2023 и на 23 јануари 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 13 став (1) точка 3) од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 140/23) (во понатамошниот текст: Правила), операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на операторот од одговорност на штета, односно ако штетата настанала поради виша сила, односно настани и состојби утврдени во членот 7 став (1) од овие Правила, или настани и состојби утврдени во Договорот за приклучување и користење на мрежата, односно општите правила за користење на мрежата уредени во соодветните мрежни правила, а кои претставуваат основа за ослободување на операторот од одговорноста за штета.

Согласно член 7 став (1) точка 1) од Правилата, ако поинаку не е уредено во договорот, односно условите за приклучување и користење на мрежата, виша сила во смисла на член 6 став (1) точка 1) алинеја 1) од овие Правила е настан или состојба коишто во моментот на настанувањето биле надвор од контролата на операторот, не можеле да бидат предвидени од операторот, а последиците од таквите настани или состојби операторот не можел да ги спречи, избегне или отстрани ниту со примена на разумно прифатлив напор, а особено природни непогоди од поголем обем и интензитет, како што се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, суши, вулкански ерупции, оркански ветришта, снежни наноси, поројни дождови, удар на гром, пожари, епидемии и слични природни настани, при што влијанието на природните непогоди врз предизвикувањето на настанот на виша сила се оценува во согласност со техничките спецификации на опремата, постројките, уредите и инсталациите коишто ги користи операторот, како и стандардите за проектирање и изведување на објектите на операторот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Известување, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе Управен спор во рок од 30 дена.

**УП2 бр.09–283/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**